# Велешка куќа
# Veles House



Петар Намичев
Petar Namichev




# ТРАДИЦИОНАЛНАТА ВЕЛЕШКА КУЌА

од 19-от и почетокот на 20-от век

# THE TRADITIONAL HOUSE OF VELES

from 19th and early 20th century

бе. Со развојот на занаетчиството и трговијата во градот во 19-от век, се зголемил економскиот потенцијал , кој имал одредено влијание врз развојот и формирањето на особеностите на градската куќа. Појавата на миграциии на населението, каде воедно влијание има и движењето на градителските тајфи, одиграле значајна улога врз формирањето на специфичниот архитектонски израз на велешката куќа. Тајфите го примениле своето градителско искуство, се прилагодувале на новите природни услови, климата и конфигурацијата на теренот, притоа формирале оригинална концепција на живеалиште, еден вид на специфичен функционален комплекс на градска куќа. Притоа се водело сметка за дворното место, габаритот на објектот со максимална функционална искористеност на внатрешната корисна површина, со сите неопходни содржини на корисни простори. Во услови на стрмна конфигурација на теренот и локацијата на градот на две спротивно поставени косини со амфитеатрална положба, задолжителен сегмент на велешката куќа претставува дворното место, како социјален, функционален и просторен дел за задоволување на потребите на корисникот. Дворното место претставува премин од внатрешниот простор на куќата кон јавниот и отворен простор. Преку дворот се затварал кругот на поврзување на сокакот, како маалско место за дружење и разговор (јавен простор) и просторот за живеење (приватниот простор). Поврзувањето на дворните места од соседството се воспоставувало со мали врати во оградните ѕидови од дворот –капиџик, за овозможување на полесна меѓудворна комуникација. Оградувањето на површината на дворот било овозможено со висока ограда од камен ѕид, со изобилство од зеленило, со бунар, градина, бавча и сл, со пристапна влезна порта со двојна дрвена врата. Често оваа голема порта преку која требало да помине арабаџиска кола, била поставена во приземјето на куќата, преку која се влегувало во приземјето, каде имало мал трем, кој бил поврзан со дворното место.

Сите овие споменати квалитети на урбаното живеење, преку изразената динамика добиена преку еконимските и културните потенцијали на населението, создале историска слика, со автентични архитектонски вредности, за градот на реката Вардар.

## 2. Конструктивни карактеристики, начин на градење и примена на материјали

Организацијата на внатрешниот простор и естетската компонента на надворешниот стил на композиција на волумените, како високи квалитети на град-

of the house to the public and open space. Through the courtyard it closed the circle of connecting alley neighborhood as a place for socializing and conversation (public space) and living space (private space).

Linking yard places in the neighborhood is established with little return fancy walls *kapidzhik*-yard, to facilitate easier communication. Reservation on the surface of the yard was made possible by a high stone wall fence, with plenty of greenery, a fountain, garden, gardens, etc., with access entry gate with a double wooden door.

Often this major port through which should pass (*arabadzhiska)*- cattle car, was placed on the ground floor of the house, through which entered the ground floor, where there was a small porch, which was associated with a yard.

All these mentioned qualities of urban life, expressed through the momentum generated by economic and cultural potentials of the population, created a historical picture with authentic architectural values, in the city of Vardar River.





СОДРЖИНА | CONTENTS


| СОДРЖИНА | | | CONTENTS |
|---|---|---|---|
| 1. Општествено – историски услови | 4 | 4 | 1. Social and historical conditions |
| 2. Конструктивни карактеристики, начин на градење и примена на материјали | 7 | 8 | 2. Constructive characteristics, manner of construction and application of materials |
| 3. Основни карактеристики на куќата | 12 | 12 | 3. Basic features of Veles House |
| 4. Просторна организација | 18 | 18 | 4. Space organization of the house |
| 5. Градителски активности | 21 | 20 | 5. Builders activities |
| 6. Надворешна обработка | 22 | 22 | 6. Out level processing |
| 7. Ентериер | 25 | 24 | 7. Interior decoration |
| 8. Заклучок | 28 | 28 | 8. Conclusion |
| Цртежи | 30 | 30 | Drawings |
| Библиографија | 74 | 74 | Bibliography |
| Легенди за цртежи | 75 | 75 | Legends of the drawings |



SIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје
72.6(497.713)*18/19*

НАМИЧЕВ, Петар

Традиционална велешка куќа од 19-от и почетокот на 20-от век [автор на изложбата, текстот и цртежите Петар Намижев] = The traditional house of Veles from 19th and early 20th century [ author of the exibition, text and drowing Petar Namichev], - Skopje : Музеј на Македонија, 2010, стр. 76, Ч илустр ; 29 см. - (Народно неимарство ; 6 = Traditional Architecture ; 6)

Текст напоредно на мак. и анг. јазик.

ISBN 978-9989-917-47-9
I. Namichev Petar види Намичев Петар
а) Стамбена архитектура - Велес - 19-20 в.
COBISS.MK-ID 85883146